Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ

јануари – декември 2015
година

Скопје, 2016 година

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| **ПРАВО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ** | 3 |
| **ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ** | 28 |
| **ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2015 ГОДИНА** | 38 |

## ПРАВО НА ЗДРАВЈЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

## МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИТЕ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТА И ОТЧЕТНОСТА НА ВЛАДАТА И ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, ПРОСЛЕДЕНО СО АКТИВНОСТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

**Општа цел:** Подобрен е пристапот до услугите за здравствена заштита за жените и Ромите преку примена на методологијата за анализа и мониторинг на буџетите како алатка за зголемена транспарентност и отчетност на владините институции.

**Конкретни цели:**
- подобрување на опфатот на децата Роми со вакцинација и здравствени услуги од превентивната здравствена заштита;
- подобрување на опфатот на жените со превентивни здравствени услуги за рано откривање на малигни заболувања, со главен акцент на ранливите групи на жени;
- подобрување на пристапот до терапија на лицата што имаат ретки болести;
- зајакнување на капацитетите на вработените во ЕСЕ за примена на родовото буџетирање;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации во Македонија во однос на правото на здравје, човековите права за здравствена заштита, применето буџетско работење и мониторинг на заедницата, фискална транспарентност и пристап до буџетските информации;
- зголемување на транспарентноста на Министерството за здравство и други релевантни владини и јавни институции.

Согласно со Програмата за работа за 2015 година, и во текот на оваа програмска година ЕСЕ ќе продолжи да ја применува методологијата на анализа и мониторинг на буџетите во областа на здравјето и здравствената заштита. Исто така, ЕСЕ ќе продолжи и со спроведување на активностите насочени кон подобрување на транспарентноста и отчетноста на Владата и државните институции, со посебен фокус на институциите од областа на здравството. Сите активности што ги реализираше ЕСЕ во текот на 2015 година беа проследени со активности за дисеминација, информирање, промоција и застапување.

Во таа насока, во текот на 2015 година ЕСЕ работеше на следните полиња:

- анализа и мониторинг на буџетите, проследено со активности за застапување од областа на здравството;
- родово буџетирање;
- зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Владата и државните институции, со посебен фокус на институциите од областа на здравство.

**1. Анализа и мониторинг на буџетите, проследено со активности за застапување од областа на здравството.** Во рамки на оваа активност, ЕСЕ продолжи со редовните активности за континуиран мониторинг на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и Програмата за систематски прегледи за учениците и студентите со цел подобрување на опфатот со имунизација и услуги за превентивна здравствена заштита на децата од ромските заедници. Во истиот период, со цел зголемување на опфатот на жени со услуги за превентивна здравствена заштита во однос на раното откривање на малигни заболувања, ЕСЕ продолжи со редовните активности за континуиран мониторинг на Програмата за рано откривање на малигни заболувања. Оваа година ЕСЕ ги прошири активностите за мониторинг и анализа на буџетите, преку вклучување на Програмата за ретки болести во редовните активности од оваа област, а со цел да се подобри пристапот до терапија на лицата што имаат ретки болести. Покрај активностите за мониторинг и анализа на буџетите, во 2015 година ЕСЕ спроведе обука на нова група граѓански организации со цел зајакнување на нивните капацитети во однос на правото на здравје, применетото буџетско работење и мониторинг на заедницата.

**Мониторинг на програмата и буџетот за програмите за превентивна здравствена заштита на национално ниво.** Мониторингот на програмската и буџетската имплементацијата на програмите за превентивна здравствена заштита, и во 2015 година како и во претходниот период, ЕСЕ го темели на податоци прибрани преку барања за пристап до информации од јавен карактер поднесени до институциите на разни нивоа, и секундарни извори на податоци што се јавно достапни. Со мониторингот, ЕСЕ имаше за цел да го следи: извршувањето на буџетот на четирите програми за превентивна здравствена заштита; извршувањето на активностите што се предвидени и планирани во овие програми; извршувањето на севкупниот буџет на државата, буџетот на Министерството за здравство и буџетот на ФЗОМ и извршувањето на буџетот и активностите на ниво на извршителите на овие програми. Со активностите за мониторинг и анализа на буџетите беа опфатени четири програми за превентивна здравствена заштита, кои претставуваат составен дел на буџетот на Министерството за здравство. Односно, во текот на 2015 година ЕСЕ го задржа постојаниот број на здравствени програми што се предмет на мониторинг. Со мониторинг на активностите и буџетот за Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата на национално ниво, ЕСЕ го опфати работењето на следните институции: Министерство за здравство – Сектор за превентивна здравствена заштита, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, јавните здравствени институции што ги спроведуваат активностите и Фондот за здравствено осигурување. Со мониторинг на активностите и буџетот на Програмата за систематски прегледи за ученици и студенти, беше опфатена работата на Министерство за здравство – Сектор за превентивна здравствена заштита и сите здравствени домови во РМ. Мониторингот на Програмата за рано

откривање на малигни заболувања, на национално ниво, беше фокусиран на компонентата за превенција на рак на грлото на матката и карцином на дојка. За таа цел, ЕСЕ го опфати работењето на: Министерство за здравство – Сектор за секундарна и терциерна здравствена заштита, јавни здравствени установи што ги спроведуваат активностите и Фондот за здравствено осигурување. Со мониторингот на Програмата за ретки болести беше опфатено работењето на Министерството за здравство и јавните здравствени установи што се вклучени во дистрибуција на терапијата наменета за лица што живеат со ретки болести. Покрај наброените институции, предмет на интерес на ЕСЕ беше и работењето на Министерството за финансии, Царинската управа, Управата за јавни приходи и Државниот завод за ревизија. Потребните документи и податоците за процесот на мониторинг ЕСЕ ги обезбеди преку примена на одредбите од Законот за слободен пристап до јавни информации. Во рамки на имплементацијата на оваа активност за 2015 година, ЕСЕ го опфати работењето на 71 јавна институција. По собирањето на податоците, тие беа предмет на анализа. Подготвената анализа претставува основа за подготовка и спроведување на стратегиите за застапување. ЕСЕ во текот на 2015 година подготви три одделни стратегии за застапување на национално ниво. Првата стратегија за застапување имаше за цел да се подобри опфатот на децата Роми со имунизација и превентивни здравствени услуги и таа се подготви во соработка со партнерските ромски организации (КХАМ, ЦДРИМ и РРЦ). Втората стратегија имаше за цел да се зголеми опфатот на жените, вклучително и Ромките, со превентивни здравствени услуги за рано откривање на малигни заболувања. Стратегијата, со која се адресираа проблемите идентификувани во ромските заедници, беше подготвена во соработка со три партнерски ромски организации (КХАМ, ЦДРИМ и РРЦ). Стратегијата за унапредување на целокупниот процес на организиран скрининг на карцином на грло на матката и карцином на дојка, како и зголемување на опфатот на жените со активностите на скринингот беше подготвена со помош на експертска група составена од специјалисти по гинекологија и акушерство и експерти од областа на јавното здравје. Во соработка со експертската група беа подготвени конкретни препораки за унапредување на Програмата во делот на скрининг за рано откривање на рак на грлото на матката. Третата стратегија имаше за цел да го унапреди пристапот до терапија на лицата што живеат со ретки болести.

Во 2015 ЕСЕ продолжи да соработува со домашни и меѓународни експерти со кои имаше воспоставена соработка, во насока на унапредување на работењето на полето на мониторинг на превентивните здравствени програми.

**Обука на граѓански организации за применето буџетско работење и мониторинг во заедницата.** Во текот на 2014 година, ЕСЕ, во соработка со домашен експерт, спроведе две последователни обуки наменети за граѓански организации што работат на полето на здравство. Со обуката беа опфатени

вкупно 12 граѓански организации. Во 2015 година, како продолжение на веќе започнатите активности за јакнење на капацитетите, ЕСЕ спроведе дводневна работилница за стратешко планирање за вклучување на концептите за социјална отчетност (мониторинг и анализа на буџети, мониторинг во заедницата и социјална ревизија) во работењето на заинтересираните граѓански организации. Со работилницата беа опфатени организациите што учествуваа на двете обуки спроведени во 2014 година, односно учествуваа вкупно 21 претставник од граѓанските организации. Во 2015 година ЕСЕ објави јавен повик за вклучување на граѓански организации во програмата за директно менторство за планирање и спроведување на една од методологиите за социјална отчетност (мониторинг и анализа на буџети, мониторинг во заедницата и социјална ревизија). Преку повикот беа селектирани две граѓански организации што во текот на 2016 година ќе добијат менторска помош и поддршка од ЕСЕ во областа на мониторинг и анализа на буџети (двете организации го одбраа овој концепт за интегрирање во својата работа).

Во 2015 година, обезбедивме техничка помош за планирање и спроведување на методологијата за мониторинг и анализа на буџетите на барање на граѓанската организација ХОПС – опции за здрав живот.

**2. Родово буџетирање.** Анализирањето на влијанието на јавните политики врз состојбата на жените, односно анализата на буџетите од родова перспектива и во 2015 година продолживме да го применуваме во однос на следните прашања: подобрување на пристапот на жените до услуги за репродуктивно здравје; подобрување на состојбата на лицата што се грижат за тешко болни лица во ромските семејства; мониторинг на имплементацијата на грантот ОРИО; мониторинг на спроведувањето на Националната стратегијата за семејно насилство 2008 – 2011 година; утврдување на трошоците за правна заштита на жените жртви на семејно насилство и буџетирање на корпусот на економски, социјални и културни права. Подготовката на аналзите во однос на сите овие прашања беа спроведени со помош на меѓународната експертка Деби Будлендер.

**Подобрен пристап на жените до услуги за репродуктивно здравје.** Во однос на подобрениот пристап на жените до услугите за репродуктивно здравје и мониторингот на Програмата за рано откривање на малигни заболувања, во 2015 година ЕСЕ формираше работна група со експерти. Оваа група беше составена од претставници од Медицинскиот факултет во Скопје, Институтот за јавно здравје, Центарот за јавно здравје – Скопје, Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, Здружението на приватни гинеколози и акушери и матични гинеколози од примарната здравствена заштита. Со експертската група ЕСЕ ги утврди клучните проблеми во однос на пристапот на жените до гинеколошката

здравствена заштита на примарно ниво и до услугите од Програмата за скрининг на рак на грлото на матката, а воедно подготви предлог-мерки за унапредување на пристапот. Детектираните проблеми и предлог-мерките беа објавени во публикација. Публикацијата беше доставена до Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Центрите за јавно здравје, Фондот за здравствено осигурување на Македонија и други јавни институции. Воедно, документот беше јавно промовиран на јавна дебата и конференција за печат и беше испратен до медиумите.

**Анализа за неплатената нега за тешко болни лица во ромските семејства.** Во текот на 2015 година ЕСЕ подготви анализа на податоците од спроведеното анкетирање во ромските семејства што се грижат за тешко болни лица во своите домаќинства. При тоа со анализата беше утврдено времето што го посветуваат членовите на семејството за нега на тешко болните лица, како и финансиските трошоци поврзани со негата. Во втората половина на годината ЕСЕ спроведе мапирање на целните институции и лица за застапување. Податоците добиени преку анализата ќе послужат за застапување пред целните институции и лица со цел усвојување на мерки за подобрување на состојбата на лицата што се грижат за тешко болни лица во своите семејства.

**Мониторинг на спроведување на грантот ОРИО (проект за инфраструктурен развој).** Во 2015 година ЕСЕ продолжи со спроведување на активностите за утврдување на степенот на реализација на средствата што Министерството за здравство на РМ ги примило од програмата ОРИО, како и утврдување на нивото на реализација на активностите планирани со овој проект. Со мониторингот се опфати работењето на следните институции: Министерството за здравство, Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања од РМ и проектната единица за менаџирање со програмата ОРИО од Кралството Холандија. Односно, преку постапката за мониторинг, ЕСЕ имаше за цел да го утврди степенот на имплементација на проектот за унапредување на здравствената заштита на мајките и децата финансиски поддржан преку програмата ОРИО и степенот на влијание на овој тип на помош врз здравјето на мајките и децата во РМ. Постапката за мониторинг се базираше на следење на информациите содржани во јавно достапните документи и податоци добиени преку постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во текот на процесот ЕСЕ се соочи со низа проблеми за обезбедување на информации заради ниското ниво на транспарентност и отчетност на јавните институции во РМ и Кралството Холандија, особено кога станува збор за средства обезбедени преку странска помош.

Во текот на 2015 година ЕСЕ подготви и достави шест барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерството за здравство на РМ и 48 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до NL Agency, division NL EVD International, ORIO. Во истиот период беа подготвени и доставени

шест жалби заради молчење на јавната администрација до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер против Министерството за здравство на РМ и две жалби против одлуката за необјавување на податоци против NL Agency, division NL EVD International, ORIO. Во овој период на известување, меѓу другото, беа започнати вкупно седум постапки пред Управниот суд против решенијата донесени од Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер за предмети што се однесуваат на имплементација на проектот на Министерството за здравство финансиран преку програмата ОРИО (во однос на одлуки од 2014 година). Воедно, во текот на оваа програмска година е започната постапка пред управниот суд во Холандија против решението на единицата ОРИО за одбивање на барањата доставени од ЕСЕ во однос на публикување на една од табелите за евалуација на програмската и буџетската имплементација на проектот за инфраструктурен развој доделен на Министерството за здравство на РМ. Во текот на 2015 година, врз основа на резултатот од спроведениот мониторинг и анализа на грантот ОРИО, ЕСЕ подготви и публикуваше анализа насловена како „Што се случува со парите од холандскиот грант ОРИО наменети за унапредување на здравствената заштита на мајките и децата". Врз основа на анализата, ЕСЕ подготви и достави барања со конкретни предлог-мерки за унапредување на реактивната и проактивната буџетската транспарентност до Владата на РМ, Министерството за здравство и Министерството за финансии во однос на користење на средствата од основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации и буџетот на кредити. Поточно, едно барање со четири предлог-мерки беше доставено до г. Зоран Ставревски, министер за финансии на РМ, едно барање со осум предлог-мерки беше доставено до г. Никола Тодоров, министер за здравство на РМ и едно барање со три предлог- мерки беше доставено до г. Фатмир Бесими, заменик-претседател на Владата на РМ за европски прашања

Дополнително беше подготвена и доставена информација за начинот на имплементација на проектот „Поставување на интегриран систем за здравствена заштита на мајките и децата за подобрување на здравствените исходи во Р Македонија" до институциите вклучени во имплементација на проектот финансиран преку грантот ОРИО во РМ или пак индиректно засегнатите институции за состојбите со билатералната помош во РМ, кои можат директно да влијаат врз прифаќање на предлог-мерките доставени до националните институции (Министерство за здравство, Министерство за финансии и Секретаријат за европски прашања). Информацијата се достави до: Петер Верхејн, амбасадор на Кралството Холандија во РМ; Канцеларијата на меѓународниот монетарен фонд во РМ; Катерина Димеска и Валентина Фидановска, членови на Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер; Пеце Ташевски, претседател на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер;

УНИЦЕФ Македонија, консултант на Министерството за здравство на РМ во имплементација на проектот финансиран преку грантот ОРИО; Канцеларијата на светска банка во РМ; Никола Груевски, премиер на РМ; Тања Таневска, главен државен ревизор; Маја Парнаџиева-Змејкова и Џемаил Меџази, директори на ФЗОМ; Елена Трпковска, претседател на Управниот одбор на ФЗОМ; Јорис Јансе, раководител на единицата за доделување на грантови од програмата ОРИО при NL EVD International Холандија; Finance for projects и HEAP Research приватни компании консултанти на Министерството за здравство на РМ во имплементацијата на проектот финансиран од ОРИО; Линда Феј, извршна директорка на помошната единица на ОВП; Берт Коендерс, министер за надворешни работи на Кралството Холандија и Марк Руте, премиер на Кралството Холандија.

**Мониторинг на финансирањето на стратегијата за семејно насилство.** Во 2015 година, поточно во првата половина на 2015 година, се финалзиираа поголемиот дел од наодите од анализата на Заедничката програма на ОН „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство за периодот 2008 – 2011“ во однос на делот што е финансиски поддржан од страна на Владата на Кралството Холандија. Во периодот што следуваше беа преработени нацрт-заклучоците и наодите од анализата и беа обезбедени сугестии од странскиот консултант во однос на содржината и структурата на анализата. Имено, во период 2 – 5 јуни 2015 година во Кејптаун, Јужноафрканската Република, беше одржана работилница за оценување и зајакнување на работата на ЕСЕ на полето на мониторинг на буџети, модерирана од експерткката Деби Будлендер. На работилницата беа разгледани анализите што ги подготви ЕСЕ во изминатите години со помош на оваа експертка. Исто така беа дефинирани областите и приоритетите за проширување на работата на ЕСЕ на полето на родово одговорно буџетирање, вклучувајќи ги следните прашања: буџетирање на економските, социјалните и културните права и обезбедување на бесплатна правна помош за жените жртви на семејно насилство, односно трошоците за правна заштита на жените жртви на овој вид насилство. На работилницата присуствуваа пет претставници на ЕСЕ.

Во втората половина на 2015 година отпочнавме со подготовка на анализата на програмата „Јакнење на националните капацитети за превенирање на семејно насилство“, финансиски поддржана од страна на Фондот на ОН за елиминирање на сите форми на насилство. За оваа намена беа прибрани сите потребни програмски документи, по што следеше подготовка на нацрт-структурата и беа внесени податоци за подготовка на анализата. Беа анализирани предлог-проектот, консолидираниот извештај и заедничкиот финансиски извештај за спроведување на проектот „Јакнење на националните капацитети за превенирање на семејно насилство“. Како резултат на анализата на спомenатите документи беше утврдена поврзаноста меѓу активностите предвидени во

проектот и активностите предвидени со Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2008 – 2011 година, со цел да се утврди дали овој проект е комплементарен или не е со споменатата стратегија. Вториот дел на анализата во својата структура и презентирање на содржината ја следи претходно подготвената анализа од страна на ЕСЕ (Заедничката програма на ОН „Зајакнување на националните капацитети за спречување на семејното насилство за периодот 2008 – 2011", финасиски поддржана од Владата на Кралството Холандија).

**Подготовка на анализата за утврдување на трошоците за правна заштита на жените жртви на семејно насилство.** Првичниот план за пресметување на овие трошоци беше утврден на работилницата за оценување и зајакнување на работата на ЕСЕ на полето на мониторинг на буџетите, модерирана од експертката Деби Будлендер, која се одржа во периодот 2 – 5 јуни 2015 година во Кејптаун, Јужноафриканската Република. Во периодот јули – септември 2015 година беше подготвен нацрт-планот за прибирање на потребните податоци за отпочнување со анализа (база на податоци на Центарот за правна помош на жртвите на семејно насилство на ЕСЕ). По прибирање на потребните податоци, во периодот октомври – декември 2015 година го подготвивме финалниот план за пресметување на трошоците за правна заштита на жените жртви на семејно насилство. Предмет на анализа се трошоците за правна заштита на жртвите што во 2013 година се обратиле за помош и поддршка во Центарот за правна помош, како година во која се обратиле најголем број жртви во овој центар.

**3. Зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Владата и државните институции, со посебен фокус на институциите од областа на здравството.** Со цел унапредување на степенот на транспарентност и отчетност на јавните институции, во 2015 година ЕСЕ ги спроведе следните активности: спроведување на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер; оценка на степенот на проактивност на јавните институции и дополнителни активности за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции. Па оттука, и во текот на оваа година ќе продолжиме да поднесуваме барања за пристап до информации од јавен карактер што не се јавно достапни. Поточно, во 2015 година поднесовме 970 барања за пристап до јавни информации до вкупно 71 јавна институција. При спроведувањето на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер ги користивме заштитните механизми утврдени со Законот за слободен пристап до информации и останати закони. Овие механизми ги користевме при молчење на јавната администрација или пак при добивање на одговори со лош квалитет. Во текот на 2015 година ЕСЕ иницираше вкупно 256 жалбени постапки против 30 јавни инситуции заради молчење на јавната администрација. Жалбите беа поднесени до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во 48 жалбени постапки Комисијата ја уважи жалбата на ЕСЕ и ги задолжи имателите на

информации да ја достават бараната информација, додека во 148 постапки донесе решенија за прекинување на постапката со образложение дека барателот – ЕСЕ ја добил бараната информација. Во текот на оваа програмска година, меѓу другото, беа поднесени и 28 тужби пред Управен суд во однос на 28 решенија за одбивање на жалби донесени од КОМСПИ, а што се однесуваат на Министерството за здравство на РМ (решенија донесени во постапка започната во март 2014 година).

**Оценка на степенот на проактивност и реактивност на јавните институции.** Со цел оценка на степенот на проактивност на институциите од јавниот здравствен сектор, во текот на 2015 година спроведеме мониторинг на содржината на официјалните интернет-страници на 20 јавни институции (Министерството за здравство; Министерството за финансии; Фондот за здравствено осигурување; Министерството за култура; Министерството за внатрешни работи; Министерството за надворешни работи; Министерството за правда; Министерството за образование и наука; Министерството за труд и социјална политика; Здравствениот дом Скопје; Институтот за јавно здравје; Центарот за јавно здравје Скопје; Центарот за јавно здравје Кочани; Владата на РМ; Локалните самоуправи на: Кочани, Делчево, Пехчево, Виница и Шуто Оризари и Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер). Степенот на проактивност беше оценуван според претходно развиена методологија, а како водечки индикатор за успешност го користевме бројот на објавени основни буџетски документи и информации и редовноста на нивното објавување. Односно, предмет на мониторинг и оценка беше објавувањето на 16 клучни буџетски документи на интернет-станиците на 20 јавни институции од РМ. Воедно, покрај степенот на проактивност, во текот на 2015 година ЕСЕ го оценуваше и нивото на реактивна транспарентност на 71 јавна институција вклучена во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер во електронската база за обработка. Дополнително, на 25 септември 2015 година ЕСЕ спроведе работна средба за унапредување на фискалната транспарентност во јавниот здравствен сектор и олеснување на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер. На работната средба учествуваа 15 претставници на јавно-здрасвтвените установи (ЈЗУ ЗД Македонски Брод, ЈЗУ ЦЈЗ Велес, ЈЗУ Институт за јавно здравје, ЦЈЗ Тетово, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Охрид, ЈЗУ ЗД Скопје, ЈЗУ ЗД Струга, ЈЗУ ЗД Кавадарци, ЈЗУ ЗД Дебар и ЈЗУ ЗД Ресен). На работната средба ЕСЕ и претставниците од јавните здравствени установи дискутира за: можните начини за унапредување на сегашното ниво на транспарентност во јавниот здравствен сектор; начинот на кој досега се спроведува Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и тешкотиите со кои се соочуваат јавните здравствени установи за целосно исполнување на законските обврски; можни

чекори за унапредување на постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер; предлози за заедничка соработка на јавните здравствени установи и ЕСЕ итн.

**Дополнителни активности за унапредување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции**. Во 2015 година ЕСЕ преведе и публикуваше два прирачника на македонски јазик под наслов „Детален преглед на процесот на буџетирање заснован на приоритети" и „Отворање на владата – Водич за најдобри практики на транспарентност, одговорност и граѓанско учество во јавниот сектор".

На покана на Министерството за информатичко општество и администрација и со одлука на Владата на РМ, Здружението ЕСЕ е вклучено во работната група за следење на имплементацијата на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014 – 2016 и тоа во две групи (групата за пристап до информации од јавен карактер и групата за фискална транспарентност). Како член на двете работни групи, ЕСЕ во 2015 година подготви и достави забелешки и препораки за имплементацијата на мерките од компонентата 3 (слобода на информации) и компонентата 5 (ефикасно управување со јавни ресурси, фискална транспарентност) од Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2014 – 2016 година до координаторот на работната група (Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер). Дел од овие препораки беа усвоени од Владата и тоа препораките во однос на: изменување и дополнување (унапредување) на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер; формирање на работна група во Министерството за здравство во која ќе учествуваат координаторите на одделните превентивни и куративни програми и претставници на ЕСЕ, а на која ќе се утврди содржината на извештаите за финансиската и програмската реализација на програмите од буџетот на Министерството за здравство и ќе се утврди фреквенцијата на објавување на интернет-страницата на Министерството; публикувањето на извештаите да се внесе во програмите на Министерството како обврска и објавување на сите податоци поврзани со имплементацијата на грантот ОРИО во базата на Секретаријатот за европски прашања.

Исто така, во текот на 2015 година, како резултат на препораките на ЕСЕ, Министерството за здравство започна со постапка за развивање на програмски и финансиски извештаи за секоја од превентивните и куративните порограми на Министерството. Односно, ЕСЕ подготви нацрт-формат на извештаите и заедно со Министертсвото за здравство во 2015 година финализираше дел од нив.

**Остварени резултати:**

- спроведен е мониторинг и направена е анализа на имплементацијата (програмска и буџетска) на четирите превентивни здравствени програми на Министерството за здравство;
- спроведени се активности за застапување за зголемен опфат на децата Роми со имунизација и услуги за превентивна здравствена заштита; зголемен е опфатот на жени со услуги за превентивна здравствена заштита; унапредување на пристапот на лицата што имаат ретки болести и зголемување на бројот на лица што ќе бидат опфатени со терапија обезбедена од Министерството за здравство;
- спроведено е стратешко планирање и обезбедена е техничка поддршка и менторство на три граѓански организации од РМ;
- изработени се пресметки за разни мерки што имаат цел зголемување на опфатот на жените со превентивни гинеколошки услуги; спроведен е мониторинг на имплементацијата на грантот ОРИО; спроведен е мониторинг на финансирањето на стратегијата за семејно насилство; спроведена е анализа на влијанието на неплатената нега за тешко болен член на семејството што го има врз ромските жени и ромските семејства;
- подготвени се и поднесени се 970 барања за слободен пристап до јавни информации во 71 јавна институција; проценка на степенот на транспарентност и отчетност на 20 јавни институции и објавени се две упатства за буџетска транспарентност, отчетност и учество.

**СОЦИЈАЛНА ОТЧЕТНОСТ И ПРАВНО ОПИСМЕНУВАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ**

**Општа цел**: Подобрена е здравствената состојба на Ромите преку примена на пристапите за социјална отчетност, социјална ревизија и правно описменување и оспособување.

**Конкретни цели**:

- користење на мониторингот на заедницата и социјална ревизија како пристапи за зголемена отчетност на јавните здравствени установи;
- подобрување на опфатот на децата Роми со имунизација и превентивни здравствени услуги (патронажни сестри, редовни медицински прегледи и унапредување на здравјето);
- подобрување на опфатот на Ромките со превентивни гинеколошки услуги, предвидени во Програмата за рана детекција на малигни заболувања (скрининг на рак на грло на матката);
- правно описменување и оспособување на ромското население во општините Шуто Оризари, Делчево и Пехчево преку обезбедување на параправна помош и поддршка.

**1. Мониторинг на заедницата.** Во 2015 година ЕСЕ продолжи со спроведување на активностите за мониторинг на заедницата и социјална ревизија за опфат на децата Роми со имунизација и опфат на жените Ромки со превентивни гинеколошки услуги во соработка со трите партнерски ромски граѓански организации (КХАМ, ЦДРИМ и РРЦ – која се приклучи во работата од месец јули 2015 г.). Улогата на ЕСЕ се состоеше од обезбедување на техничка помош и координација на работењето на ромските граѓански организации за мониторинг на заедницата, додека тие ги имплементираа активностите на локално ниво. Во првата половина на 2015 година партнерските организации со поддршка на ЕСЕ спроведоа истражување во заедницата со цел да го проценат опфатот на жените Ромки со гинеколошка здравствена заштита и со активностите од Програмата за скрининг на рак на грло на матката, како и да ги утврдат проблемите и бариерите со кои се соочуваат жените Ромки. Наодите од истражувањето беа претставени во вид на Картички за оценка од заедницата и беа споделени со заедницата и локалните релевантни актери. Врз основа на наодите и барањата на ромската заедница подготвивме предлог-мерки за унапредување на опфатот на жените Ромки со гинеколошка здравствена заштита и со Програмата за скрининг. Воедно, наодите и препораките за унапредување на пристапот на жените Ромки до гинеколошка здравствена заштита беа презентирани на јавна дебата со конференција за печат на национално ниво. Во втората половина од 2015 година клучните наоди и препораки беа презентирани и преку инфографик што ќе биде искористен во застапувањето за унапредување на состојбите во 2016 година. Заради промоција на правата што произлегуваат од Програмата за скрининг, ЕСЕ, во соработка со Младинскиот образовен форум, подготви информативно видео за потребата од редовен ПАП-тест и за предвидените мерки во Програмата за скрининг, кое ќе биде емитувано во ромските средини од страна на партнерските ромски организации.

Во однос на работата на полето за унапредување на опфатот на децата Роми со имунизација и превентивни здравствени услуги, партнерските организации и во 2015 година продолжија со работата на едукација, зајакнување и мобилизација на заедницата. Во втората половина на 2015 година со техничка поддршка од страна на ЕСЕ беа подготвени прашалници според кои во почетокот на 2016 година ќе биде спроведено истражување во заедницата со цел да се процени опфатот на децата Роми со вакцинација и со превентивни здравствени услуги предвидени во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите.

Во првото тримесечје од 2015 година, ЕСЕ и партнерските организации, врз основа на податоците од мониторингот на буџетите и програмските мерки на нацонално ниво, како и мониторингот на заедницата на локално ниво, подготвија стратегии за застапување (детално опишани во делот Мониторинг и анализа на буџетите и зајакнување на транспарентноста и отчетноста на Валдата и

владините институции, проследени со активности за застапување). Партнерските ромски организации исто така подготвија и локални стратегии за застапување на овие две полиња со техничка поддршка од ЕСЕ. При подготовката на плановите за застапување, партнерските организации одлучија во процесот на застапување од идната година да вклучат и алатки за креативен активизам. Со таа цел во втората половина на 2015 година ЕСЕ фацилитираше процес во кој партнерските организации започнаа со подготовка на планови за застапување со вклучување на алатките на креативен активизам што ќе бидат финализирани и спроведени во 2016 година.

Партнерските ромски организации, со техничка поддршка од страна на ЕСЕ, во 2015 година ја имплементираа и методологијата на социјална ревизија со цел да се утврди реалниот опфат на ромските семејства со посети од патронажни сестри. Во втората половина на 2015 година започнавме со подготовки за спроведување на социјална ревизија во однос на опфатот на жените Ромки со Програмата за скрининг на рак на грло на матката, преку подготовка на барања за пристап до информации од јавен карактер, со цел да се добијат релевантни документи што ќе бидат предмет на ревизија во 2016 година. Воедно, ЕСЕ организираше и работилница за јакнење на капацитетите на организациите за спроведување на методологијата на социјална ревизија, која беше спроведена од страна на меѓународен експерт од Индија.

Исто така, ЕСЕ продолжи и со процесот на јакнење на капацитетите на партнерските организации и на нивниот персонал и во втората половина на 2015 година беа спроведени две обуки на следните теми: методологии на работа на мониторингот на заедницата и социјална ревизија, превентивни програми на Министерството за здравство и користење на Законот за пристап до информации од јавен карактер.

Целокупната работа на полето на применување на методологиите на социјална отчетност беше координирана преку одржување на осум координативни состаноци на кои, исто така, се споделуваа информации и искуства за тековната работа на партнерските организации. Со цел да го унапреди мониторингот на работата на партнерските организации, во втората половина на 2015 година ЕСЕ подготви теркови за месечни извештаи на спроведени активности, коишто партнерските организации ќе ги доставуваат до ЕСЕ.

**2. Параправна помош и олеснување на пристапот до системот за заштита на правото на здравствна заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациентите.** Во 2015 година континуирано обезбедувавме техничка помош и поддршка на ромските партнерски организации: Центар за демократски развој и иницијатива – ЦДРИМ, Ромскиот ресурсен центар од Шуто Оризари и Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „КХАМ“ од Делчево. Обезбедената техничка помош и поддршка се однесуваа на обезбедување на

параправна помош и поддршка на ромската заедница од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациентите. Покрај активностите, кои во рамките на овој концепт се спроведуваат редовно, во 2015 година презедовме активности насочени кон институционално и оргнизациско јакнење на партнерските организации, вклучувајќи и унапредување на вештините на параправниците и на лицата што ги координираат и раководат со спроведување на активностите во партнерските организации. Последните се подетално елаборирни заедно со активностите за обука за параправниците.

Па така во 2015 година ги спроведовме следните активности:

**Обуки за параправниците.** Континуираната едукација на параправниците, односно лицата што обезбедуваат параправна помош и поддршка е составен дел на концептот на обезбедување на параправна помош и поддршка и претставува основен предуслов за обезбедување на соодветна и навремена помош за разрешување на индивидуалните случаи на повреди на здравствените права на Ромите кои се обраќаат во партнерските организации.

Во првата половина на 2015 година направивме проценка на способностите на параправниците за вербална и невербална комуникација преку спроведување на поединечни интервјуа со параправниците, координаторите и раководителите на програмата за парапавна помош. На 15 мај 2015 година беа интервјуирани пет кандидати од РРЦ. На 14 мај 2015 година беа интервјуирани седум кандидати од КХАМ и на 19 мај 2015 година беа интервјуирани шест кандидати од ЦДРИМ. Покрај направената проценка беше одржана и обука во периодот 26 – 27 мај 2015 година на која присуствуваа вкупно 18 параправници и координатори. Со обуката беа унапредени комуникациските вештини, односно вештините за вербална и невербална комуникација на ангажираните и новоселектираните параправници. Во овој период, исто така, подготвивме стандардизиран прашалник за спроведување на посети во ромските домаќинства, кој ќе се користи при спроведување на новиот заеднички пристап од следната програмска година. Во втората половина на 2015 година, односно во месец јули, спроведовме 16 поединечни интервјуа за меѓучовечки односи и работа во тим со членовите на тимот на трите ромски партнерски организации (вклучувајќи ги раководителите) по однапаред подготвен прашалник за таа намена. Врз основа на наодите од поединечните интервјуа, подготвен е извештај за личните карактеристики, меѓучовечките односи, работата во тим, односот кон работата и вештините за комуникација на вработените во трите партнерски организации. Исто така, 9 – 10 ноември 2015 година се одржа обука на тема „Организација на тим и меѓучовечки односи" на која присуствуваа 30 учесници.

Од 25 до 26 септември 2015 година е спроведена почетна обука за правно описменување и зајакнување – обезбедување на параправна помош на која

присуствуваа 13 параправници и координатори на параправните програми од трите ромски партнерски организации. Ги обновивме и содржините на Прирачникот за работа на параправници. Покрај Прирачникот, подготвивме и збирка на законски и подзаконски прописи од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пациенти, како и дополнителни материјали што се однесуваат на обезбедување на параправна помош (A Good Practice Guide Justice Programs for Public Health; Working paper from the Expert Meeting on Social Accountability and Legal Empowerment; The Solid Facts: Health Literacy ), кои можат да им бидат од корист на параправниците. Почетната обука е активност што се организира еднаш годишно со цел унапредување на знаењата и вештините на параправниците. Во однос на концептот, значајно е да се напомене дека почетната обука се повторува секоја година во рамките на проектот за параправна помош и при подготовката на обуката и работните материјали посебен акцент се става на две прашања: дали во изминатиот период се ангажирани нови параправници или координатори и кои се последните новини, односно измени во системот на здравствена заштита, осигурување и заштита на правата на пациентите.

**Работилници за справување со стрес.** Во првата половина на 2015 година, поточно во месец март, спроведовме една работилница за намалување на влијанието на стресот и подобрено справување со секојдневните проблеми во работењето на параправниците. Работилницата беше спроведена од страна на психолог и учесниците во дискусијата имаа можност да ги продлабочат познавањата за различните видови на стрес, како да се препознае невидливиот стрес, како да се открие и како да се намали нивото на стрес. На работилницата беа спроведени повеќе тестови и вежби со цел справување со стресот. На работилницата учествуваа 11 претставници на ромските партнерски организации (параправниците и координаторите).

**Обновување на содржините на електронската ресурсна библиотека.** Составен дел на континураното обезбедување на техничка помош и поддршка на параправниците е и континуираното ажурирање на содржините на електронската ресурсна библиотека. Преку електронската библиотека овозможуваме навремено информирање на праправниците за настанатите законски измени и дополнувања, како унапредување на нивните познавања и вештини. Во електронската библиотека се содржани сите релевантни меѓународни и регионални документи и механизми за заштита на човековите права, закони од областа на здравствените права, како и законите и другите релевантни прописи од областа на социјалната заштита, документите за работа и дополнителни материјали. Параправниците го користат овој значаен ресурс, односно имаат пристап до библиотеката преку свое сопствено корисничко име и лозинка. Со новиот проектен циклус од јуни 2015 година до јули 2016 година,

електронската ресурсна библиотека веќе не е во употреба. Имено, параправниците и координаторите исклучително ретко ја користеа како ресурс и оттаму, тимот на ЕСЕ одлучи да ги упатува параправнците да ги користат содржините поставени на тематската веб-страница www.healthrights.mk, што е креирана и редовно ажурирана од ЕСЕ. Имено, електорнската ресурсна библиотека беше подготвена согласно со структурата и содржината на оваа веб-страница што ја креиравме во 2011 година во рамки на иницијативата за човекови права во здравствената заштита.
Во првата половина на 2015 година беа поставени 14 измени на законските акти и прописи од облсата на здравствената заштита и сродни области што се предмет на обезбедување на параправна помош и поддршка. Во втората половина на 2015 година содржините на веб-страницата беа обновени во пет наврати, односно на веб-страницата беа 38 законски прописи и 13 публикации.

**Унапредување на начинот на работење на параправниците.** Унапредувањето на начинот на работење, односно прибирање и документирање на случаите што се обраќаат за помош, како и водењето на евиденција е составен дел на обезбедувањето на техничка помош и поддршка на ромските партнерески организации. Во првата половина на 2015 година беа направени следните унапредувања: надградена е електронската база на податоци (технички измени и дополнувања); изменет е образецот за преземање на последователни дејства од страна на параправниците; подготвен е нов/еден фомулар за работа со странките при обезбедување на параправна помош и поддршка што ќе се користи при спроведување на новиот интегриран пристап од следната програмска година и беше подготвена нова база на податоци за прибирање и обработка на податоците прибрани со новиот стандардизиран прашалник за работа со оние што ќе побараат помош.

**Мониторинг, поддршка и оценка на работата на параправниците.** Со цел континуирано следење на работата на параправниците и осигурување дека дадената помош и поддршка се соодветно и навремено обезбедени, ЕСЕ користи повеќе методи и средства. Имено, редовно одржува комуникација по телефон и електронска пошта; бара изготвување на редовни месечни извештаи од страна на параправниците и редовни тримесечни извештаи од страна на координаторите и врши директен увид во работењето на параправниците, преку увид во предметите што тие ги работат. Овој увид во работењето ЕСЕ го спроведува преку одржување на најмалку една средба во три месеци, при што ги разгледува предметите на работење на секој параправник. Во првата половина на 2015 година беа спроведени две посети, од кои на првата беа разгледани предметите за периодот декември 2014 – февруари 2015 година и на втората посета беа разгледани предметите за периодот март 2015 – мај 2015 година.

**Промотивни материјали.** Во насока на промовирање на здравствените права на населението, но и нивното информирање за услугите што се обезбедуваат преку програмите за параправна помош, во 2015 година беа адаптирани и испечатени 2 000 примероци на лифлети и 1 800 примероци на промотивни картички (600 за секоја од вклучените партнерски организации). Покрај промотивните материјали, за потребите на работењето на параправниците ги испечативме и формуларите за работа, папките и лепенките за папки. Формуларите за работа (почетен формулар, формулар за последоватлени дејства, формулар за задоволство на клиентите и формулар за разрешени случаи) беа испечатени во 2 000 примероци од секој, додека папките и лепенките беа испечатени во 1 200 примепроци од секој.

**Стратешко застапување и мониторинг на спроведувањето на човековите права.** На 5 март 2015 година беше спроведена обука за претставниците на ромските партнерски организации во однос на можностите за застапување на стратешки случаи на национално, регионално и на меѓународно ниво. Можностите за застапување беа разгледувани од аспект на секој поединечен случај на прекршување на правото на здравје, идентификувани со работењето на ромските партнерски организации. Во перидот февруари – март 2015 година беа организрани две средби на кои се анализираа идентификуваните случаи на прекршување на правото на здравје и утврдување на потенцијални стратешки случаи. Во перидот април – декември 2015 година беа остварени низа средби со двајца правни застапници во однос на подготовката на судската постапка против Министерство за здравство за повреда на личните права, односно правото на здравје. На средбите со избраните правни застапници се дискутираше за сите прашања од интерес за водење на двете судски постапки и се утврдуваа чекорите за натамошно постапување во согласност со волјата на двете странки.

**3. Спојување на концептите за социјална отчетност и правно описменување и оспособување.** Во 2015 година ЕСЕ започна со процес на планирање и подготовка на спојување на концептите за социјална отчетност и правно описменување и оспособување, со цел унапредување на работата на полето на унапредување на пристапот до правото на здравје за Ромите во општините каде што работат трите партнерски ромски организации. Во почетокот на 2015 година за оваа потреба ЕСЕ ангажираше меѓународен консултант од организацијата CEGSS од Гватемала. Процесот на првично планирање беше спроведен преку две средби фацилитирани од меѓународниот консултант. Првичниот план се состоеше во спојување на концептите на ниво на влез во домаќинството, при што се спроведе прашалник во однос на здравствената состојба, пристапот до здравствените услуги и проблемите и потребите на ромското население во однос на остварувањето на правото на здравје. Воедно, на сите членови од домаќинството им се нудат и конкретните услуги од двата концепта, односно

параправна помош каде што е потребна и/или вклучување на членовите од домаќинството во активностите опфатени со мониторинг во заедницата за унапредување на здравјето на децата и жените од ромските средини. За таа цел ЕСЕ, во соработка со домашен експерт, подготви нацрт-верзија на прашалникот што ќе се пополнува при влезот во домаќинствата. При подготовката на прашалникот ЕСЕ ги консултираше и ромските партнерски организации, а по неговото комплетирање беше споделен и со експертите од Универзитетот Џонс Хопкинс, кои понудија нивна експертиза за финализација и подготовка на протоколот за негово спроведување (соработката со експертите од Универзитетот Џонс Хопкинс е опишана во делот „Документирање на влијанието на интервенциите за пристап до правдата врз здравјето на Ромите" во рамките на овој извештај).

Воедно, при стратешкото планирање беше утврдена потребата од вклучување на партиципативни методи заради проценка на потребите на заедницата, како и потребата за јакнење на капацитетите на персоналот на ЕСЕ за примена на овие методологии. Со таа цел, персоналот на ЕСЕ спроведе посета којашто се состоеше од обука со студиска посета во однос на методологиите на партиципативно истражување и унапредување на вклучувањето на заедницата во работата. По стекнатите знаења и искуства од посетата, персоналот на ЕСЕ подготви нов план за спојување на концептите со вклучување на аниматори – лица од заедницата, што ќе работат во самата заедница и фацилитатори – лица од партнерските организации што ќе ја поддржат работата на аниматорите. За промената на планот на работа беа консултирани и партнерските ромски организации, кои се согласија со промената на планот, а воедно со нив беа договорени и следните чекори за подготвителната работа што ќе овозможи примена на новиот концепт.

**Остварени резултати:**

- процената е состојбата во однос на опфатот на жените Ромки со превентивните услуги од Програмата за скрининг на рак на грло на матката, преку спроведено истражување во заедницата;
- зајакната е свесноста кај жените Ромки за потребата од редовен ПАП-тест, како и за правата што произлегуваат од Програмата за скрининг на рак на грло на матката, преку едукативни активности и прикажување на видео;
- спроведени се стратегии за застапување на национално и на локално ниво со активно учество на ромската заедница за: подобрен опфат на децата Роми со имунизација и превентивни услуги на локално и на национално ниво и за подобрен опфат на жените Ромки со превентивните услуги од Програмата за скрининг на рак на грло на матката;
- зајакнати се капацитетите на ЕСЕ и партнерските ромски граѓански организации за примената на методологијата на социјална ревизија;

- спроведена е социјална ревизија на работата на патронажните сестри во општините Шуто Оризари, Делчево, Пехчево и Виница;
- зајакнати се капацитетите на партнерските ромски граѓански организации за примена на методологиите за социјална отчетност; за начинот на подготовка, усвојување, буџетирање и имплементација на програмите на Министерството за здравство; примена на Законот за пристап до информации од јавен карактер;
- подготвени се прашалници за спроведување на истражувањето во заедницата со цел процена на опфатот на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги од Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата и Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите;
- зголемен е степенот на познавања и информираност на параправниците од областа на здравствената заштита, здравственото осигурување и заштитата на правата на пацинетите преку одржување на почетната обука и континуирано обновување и дополнување на содржината на веб-страницата www. healthrights.mk;
- унапреден е начинот на работење и постапување на параправниците преку измени и дополнување на постојните формулари за работа и електорнската база на податоци за прибирање на податоци;
- спроведен е увид во работењето на параправниците, преку разгледување и анализа на месечните и кварталните извештаи, како и директен увид во предметите преку спроведување на две посети,
- испечатени се и дистрибуирани се промотивни материјали (2 000 лифлети и 1 800 картички) потребни за работењето на параправниците, како и формулари за работа, папки и лепенки за папки за предметите (2 000 примероци од секој формулар и по 1 200 примероци на папки и лепенки);
- подготвен е план за спојување на двете компоненти (мониторинг на заедницата и параправна помош);
- зајакнати се капацитетите на персоналот на ЕСЕ во однос на примената на партиципативни методологии за проценка на потребите на заедницата и унапредување на мобилизацијата на заедницата.

## ДОКУМЕНТИРАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА ИНТЕРВЕНЦИИТЕ ЗА ПРИСТАП ДО ПРАВДАТА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА РОМИТЕ

Во 2015 година, ЕСЕ во соработка со експерти од Универзитетот Џонс Хопкинс од Балтимор, САД, започна процес на соработка и планирање за да се спроведе истражување во однос на влијанието на интервенциите за пристап до правдата за здравјето на Ромите. Меѓутоа, откако ЕСЕ го подготви прашалникот за влез во ромските домаќинства (опишан во делот Спојување на концептите за социјална отчетност и правно описменување и оспособување на овој извештај), експертите од Универзитетот Џонс Хопкинс понудија да обезбедат експертска помош во процесот на финализација на овој прашалник, како и подготовка на целиот протокол за спроведување на прашалникот. Исто така, самиот процес на влез во ромските домаќинства и пополнување на прашалникот ќе биде искористен со цел да се измери влијанието на двете интервенции што досега ги спроведуваше ЕСЕ со партнерските организации – социјална отчетност и правно описменување и оспособување. При оваа соработка, Кетрин Футер од Универзитетот Џонс Хопкинс оствари посета во ЕСЕ и КХАМ и ги разгледа сите релевантни документи од работата на двете интервенции. При посетата беше договорено дека покрај прашалникот, податоци ќе се собираат и преку квалитативни методи, како што се фокус-групи, но и од други партиципативни методи. По посетата, експертите од Универзитетот Џонс Хопкинс започнаа со работата на финализација на прашалникот и подготовка на инструментите за собирање на квалитативни податоци. При тоа прашалникот за влез во домаќинствата беше преструктуриран по соодветни области за да може да се добие посоодветен увид во понатамошната работа на финализација на прашалникот. Воедно, експертите подготвија и нацрт-верзии од прашалниците за спроведување на дискусии во фокус-групи. Беше договорено претставникот од Универзитетот Џонс Хопкинс, Мајкл Виндл, во периодот јануари 2016 година да дојде во посета на ЕСЕ, при што заедно со персоналот на ЕСЕ ќе работи на финализирање на прашалникот и на подготовка на протоколот за спроведување на прашалникот.

**Остварени резултати:**

- подготвена е првична верзија на прашалникот за спроведување на спојувањето на двете компоненти преку иницијален влез во ромските домаќинства;
- подготвени се првични верзии за спроведување на квалитативни методи на истражување во ромската заедница;
- подготвени се прашања и теми за процена на влијанието на спроведувањето на методологиите на социјална отчетност и правно описменување и оспособување во ромската заедница.

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

**Општа цел:** Зголемена е свесноста и остварувањето на човековите права во здравствената заштита.

**Конкретни цели:**

- подобрено е разбирањето на заштитата на правото на здравје кај практичарите преку редовно ажурирање на веб-страницата healthrights.mk и ажурирање на Водичот за практичари;
- зголемена е можноста за користење на механизмите за заштита на правото на здравје и правата на пациентите и за преземање и иницирање на стратешки случаи за застапување;
- подготовка на извештај во сенка кон Меѓународниот пакт за економски социјални и културни права за имплементација на правото на здравје;
- подготовка на видео за застапување.

Во текот на 2015 година беа реализирани следниве активности:

Во 2015 година, Здружение ЕСЕ продолжи со реализација на активностите во насока на промовирање на концептот за човекови права во здравствената заштита, подготовка на Извештајот во сенка за правото на здравје кон меѓународни документи за човекови права, но и водење стратешки случаи на застапување што се однесуваат на прекршување на правото на здравје и правата на пациентите.

**Обновување на веб-страницата www.healthrights.mk и на прирачникот „Човекови права во здравствената заштита“.** Во текот на 2015 година ЕСЕ во континуитет ја одржуваше и ја обновуваше веб-страницата www.healthrights.mk, вклучувајќи и континуирано обновување на содржината на Прирачникот за практичари „Човекови права во здравствената заштита“.

Содржината на веб-страницата беше обновена со поставување на измени и дополнувања на повеќе законски прописи во следниве месеци: јануари, февруари, јули, август и септември. Имено, во овој период беа поставени измени и дополнувања на законските прописи во однос на: безбедност и здравје при работата, здравствената евиденција, заштитата на населението од заразни болести, заштитата на правата на пациентите, здравствената заштита, здравственото осигурување, пресадување на делови од човечкото тело заради лекување, јавно здравје, лекови и медицински средства, медицински студии и континуирано стручно усовршување на докторите на медицина, ментално здравје, придонеси од задолжително социјално осигурување, прекинување на бременоста, санитарната и здравствената инспекција, управната инспекција, постапување по претставки и предлози, парничната постапка, прекршоците,

кривичен законик, централен регистар, колективен договор за здравствена дејност.

Воедно, на веб-страницата беа поставени 49 публикации и 19 превентивни програми на Министерството за здравство наменети за ранливите категории на лица. Од наведените програми, дополнително беа изменети програмата „Здравје за сите“ и програмата „Активна здравствена заштита на мајки и деца“ (јули и август), при што измените, исто така, беа поставени на веб-страницата.

Во текот на годината на веб-страницата www.healthrights.mk беа регистрирани 8 871 посета.

**Подготовка на Извештајот во сенка за правото на здравје кон Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права при ООН (МПЕСКП).** По позитивните резултати од соработката и вмрежувањето на повеќе здруженија на граѓани во процесот на подготовка на Заедничкиот поднесок за здравство во рамки на Универзалниот периодичен преглед (УПП), ЕСЕ во 2015 година подготви и поднесе Извештај во сенка до Комитетот при ОН задолжен за следење на имплементацијата на Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права. Овој извештај во сенка го подготовивме преку одржување на четири консултативни средби во соработка со наведената група на претставници на граѓански организации што работат на здравствени прашања.

**Првата работна средба** беше реализирана на 26 февруари 2015 година и на неа присуствуваа претставници на седум здруженија на граѓани. Тогаш беа дадени основните инструкции за подготовка на индивидуалните извештаи за здравје за секоја од ранливите категории на лица и тоа: Роми, жени, лица со интелектуална попреченост, корисници на droги, лица што живеат со ХИВ, жртви на трговија со луѓе и лица со ретки болести. Заради подобро формулирање на сферите на загриженост, како и заради имање на увид на досегашното разгледување на извештаите од страна на Комитетот и неговите препораки, на учесниците им беа поделени повеќе документи и тоа: комбиниран втор, трет и четврт периодичен извештај на РМ од Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, 2013 г.; Генералниот коментар бр. 14 (2 000) за правото на здравје и Заклучни согледувања за РМ на Комитетот задолжен да ја следи имплементацијата на МПЕСКП, 2006 г. **Втората работна средба** беше реализирана на 27 март 2015 година и на неа присуствуваа преставници од осум здруженија на граѓани. Тогаш беше договорена понатамошната динамика за подготовка на првата нацрт-верзија. Воедно, на оваа работна средба беше договорено секоја организација да подготви и своја листа на прашања што ќе ѝ бидат упатени на државата во однос на степенот на остварување на правото на здравје. **Третата работна средба** се реализираше на 25 јуни 2015 година во просториите на ЕСЕ. На оваа средба присуствуваа претставници на пет здруженија на граѓани. На средбата беше разгледан нацрт-текстот на извештајот. **Четвртата работна средба** беше наменета за разгледување на наодите во однос на ромското здравје и на неа присуствуваа претставници на три здруженија на граѓани што работат на ромското здравје (РРЦ, ЦДРИМ и КХАМ).

По завршувањето на средбите, сите подготвени индивидуални извештаи беа сублимирани во еден заеднички извештај. Подготвивме и листа на прашања што послужија како рамка за дискусија на претсесијата на Комитетот и формулирање на прашања од страна на експертите на Комитетот упатени кон нашата држава. Претсесијата на 56-тата седница на Комитеот се одржа во периодот 12 – 16 октомври 2015 година во Женева.

Пред целосното финализирање, Извештајот за здравје беше доставен до здруженијата на граѓани вклучени во процесот, со цел добивање на мислење и препораки во однос на неговата содржина. По добивањето на забелешките и коментарите, Заедничкиот извештај за право на здравје беше поднесен до Канцеларијата на високиот комесаријат за човекови права на 7 септември 2015 година. Извештајот е структуриран соодветно со упатствата за известување на Комитетот за економски, социјални и културни права и содржи четири дела: вовед; користење на максимум расположливи средства за прогресивно остварување на правото на здравје; правото на здравје на повеќе ранливи групи на лица (Роми, жени, корисници на дроги, лица што живеат со ХИВ, лица со интелектуална попреченост, жртви на трговија со луѓе и лица со ретки болести) и листа на прашања што треба да се упатат до Р Македонија. Извештајот за здравје е достапен на следниот линк: http://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=INT%2fCESCR%2fICO%2fMKD%2f21616&Lang=en.

**Стратешко застапување на случаите на прекршување на човековите права во здравствената заштита.** Во перидот на известување, ЕСЕ продолжи да работи на два случаи поврзани со прекршување на здравствените права во соработка со организацијата КХАМ. Имено, процесот на консултирање и идентификување на стратешки случај за повреда на здравствени права се реализираше од страна на ЕСЕ и КХАМ, преку ангажирани правни консултанти, при што по детално разгледување на можностите за застапување беше договорено да се иницира граѓанска постапка во првиот случај (повреда на здравствените права од страна на повеќе здравствени установи) против Министерството за здравство и тужба до Управниот суд во вториот случај (лекување по нова метода во странство).

Имено, во однос на првиот случај, во текот на 2015 година беа преземени следниве дејства: подготовка на вешто мислење за здравствената повреда; подготовка на тужбата за повреда на личните права до Министерство за здравство и присуство на подготвителното рочиште. Во однос на вториот случај, во текот на 2015 година беа преземени следните дејства: беше подготвена и поднесена жалба до второстепен орган, односно до Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на 8.1.2015 година и беше подготвена и поднесена тужба до Управниот суд на РМ поради фактот што УО на ФЗОМ го одби барањето за лекување по нова метода на приватни клиники или во странство по втор пат.

**Подготовка на видео за застапување на тема: „Мислам за своето здравје – секоја година правам ПАП-тест“.** Имајќи го предвид фактот дека во РМ не постои доволен опфат на жените до превентивни гинеколошки прегледи (ПАП-тестови), посебно кога станува збор за Ромките и жените што живеат во рурални средини, здружение ЕСЕ како дополнување на своите заложби за застапување, подготви и ново видео за застапување со наслов: „Мислам на своето здравје – секоја година правам ПАП-тест“. Видеото содржи: две изјави на Ромки во однос на нивната информираност за потребата од редовни гинеколошки прегледи; изјава на гинеколог, кој укажува на потребата од редовни контроли кај матичните гинеколози и правење на ПАП-тестови заради превенирање на карцином на грлото на матката; изјава на претставник од ЕСЕ во однос на добиените податоци од истражувањето за период 2012 – 2014 година со која се потврдува дека 35 % од Ромките не добиваат покана за скрининг за рано откривање на карциниом на матката. Сценариото за видеото беше подготвено во соработка со консултантите Мери Џојс и Џон Кенеди, додека снимањето, техничката реализација и монтирањето беше реализирано во соработка со Младинскиот образовен форум (МОФ). Видеото за застапување е достапно на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=Ba0lGHP6Dxo.

**Подготовка на поднесокот до Специјалниот известувач за правото на здравје на ОН.** Во консултација со експертката за стратешко застапување Сузи Талбот (Susie Talbot) од ECSR-Net, тимот на ЕСЕ подготви поднесок до Специјалниот известувач за правото на здравје. Поднесокот се однесува на прекршувањето на здравствените права на жена Ромка, за чиј случај е покрената тужба против Министерството за здравство.

**Остварени резултати:**

- ажуриран е Водичот за практичарите и содржината на интернет-страницата: healthrights.mk;
- беа организирани две консултативни средби заради подобрено користење на механизмите за заштита на правото на здравје заради преземање и иницирање на стратешки случаи за застапување;
- беа покренати две судски постапки за стратешки случаи на прекршување на правото на здравје;
- беше подготвен Извештајот во сенка за имплементација на правото на здравје кон Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права;
- беше подготвено видео за застапување;
- беше подготвен поднесок до Специјалниот известувач за правото на здравје на ОН.

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И НА МАЖИТЕ

## ПРАВНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ ЖРТВИ НА НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Општа цел:** Обезбедување адекватна законска заштита за жените жртви на сите форми на насилство и дискриминација.

**Конкретни цели:**

- проценување на степенот на судска заштита што им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите за соодветно спроведување на важечките прописи и меѓународно пропишаните стандарди во оваа област (фокус на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените – CEDAW);
- идентификување на пречките и подготовка на препораки за унапредување, измени и дополнување на законската рамка за заштита;
- зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.

И покрај тоа што државата има усвоено законски одредби за заштита на жртвите на насилство и дискриминација, сепак сè уште не постои ефективна правна заштита за жените жртви на семејно насилство, жените жртви на трговија со луѓе и сексуално насилство и сексуалните работнички. Оттука, во месец октомври 2014 година, ЕСЕ во партнерство со Отворена порта (Ла страда) и коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници“ започна со реализација на проектот на УСАИД за правна заштита на жените, чија основна цел е обезбедување адекватна законска заштита за жените жртви на сите форми на насилство и дискриминација: семејно насилство, трговија со жени, сексуално насилство и сексуални работнички. Конкретните цели што треба да се реализираат во рамките на овој проект се следните: проценување на степенот на судска заштита што им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите за соодветно спроведување на важечките прописи и меѓународно пропишаните стандарди во оваа област (фокус на Конвенцијата CEDAW); идентификување на пречките и подготовка на препораките за унапредување, измени и дополнување на законската рамка за заштита; зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаи за стратешко застапување.

Проектот се спроведува на национално ниво и ќе резултира во: подобрена имплементација на националните и меѓународните стандарди за судска заштита на жените жртви на дискриминација и насилство; унапредена национална законска рамка за заштита на правата на жените; поефикасни граѓански

организации во обезбедувањето на правна помош на жените жртви на дискриминација и насилство.

Во проектот е предвидено спроведување на подготвителни активности, како и конкретни активности под секоја проектна цел.

Во текот на 2015 година беа спроведени следните активности по наведените проектни компоненти:

**А) Проценка на степенот на судска заштита што им се обезбедува на жртвите на насилство и дискриминација и зајакнување на капацитетите на судиите.**

Подготовка на прашалници за собирање на податоци од основните судови. Во текот на месец јануари 2015 година беа одржани три работни средби за подготовка на прашалници за судско набљудување, откако во месец декември претходната година беа подготвени прашалниците за собирање на основни податоци. Како резултат на работата на работната група[1] беа подготвени следните прашалници: прашалник за семејно насилство - кривични дела, прашалник за семејно насилство - привремени мерки за заштита, прашалник за трговија со луѓе - кривични дела, прашалник за надомест на штета, прашалник за прекршочни предмети.

Селекција на набљудувачи и организирање на обука. За спроведување на процесот на набљудување на судските предмети поврзани со насилството врз жените, Здружението ЕСЕ ја ангажира коалицијата „Сите за правично судење", чии човечки ресурси ќе бидат искористени за таа намена. Беа селектирани 30 лица правници за кои беа организирани соодветни обуки за јакнење на нивните капацитети во однос на различните форми на насилство врз жените и законските можности за нивна заштита. Во текот на февруари, Здружението ЕСЕ организира циклус на две обуки за идентификуваните монитори. Учесниците беа информирани за природата и карактеристиките на семејното насилство, трговијата со жени, состојбата на сексуалните работници, како и со законските одредби, т.е. кривични и граѓански судски постапки за заштита на жртвите на дискриминација и насилство. Првата обука се одржа на 11-ти и 12-ти февруари, а втората се одржа на 18-ти и 19-ти истиот месец. На обуките присуствуваа избраните набљудувачи, кои во наредниот период од две години ќе учествуваат во набљудувањето на тековните судски предмети поврзани со семејното насилство, трговијата со жени, сексуалното насилство и случаите на сексуални работници. На набљудувачите им се обратија надворешни експерти, што ги ангажираше Здружението ЕСЕ, за испорака на обуката: Катина Павловска – психолог во Психолошко советувалиште во ЕСЕ, Стојан Михов – судија од Основниот суд во Штип, Андон Атанасов – судија од Основниот суд Радовиш,

[1] Во составот на работната група влегоа судии, обвнители, адвокати, жени жртви на насилство, претставници на ЕСЕ и проектните партнери.

Даниел Митковски – коалиција „Сите за правично судење", Маја Варошлија – Државен центар за жртви на трговија со луѓе, Анета Трајковска – адвокат, Хајди Штерјова Симоновиќ – адвокат, Силвана Наумова и Воскре Наумоска Илиева од Здружението ХОПС. Во текот на обуките учесниците беа запознати со природата и карактеристиките на семејното насилство, трговијата со жени, состојбата на сексуалните работници, како и со законските одредби, т.е. кривични и граѓански судски процедури за заштита на жртвите на дискриминација и насилство. Составен дел на обуките беше и презентирањето на прашалниците за судско набљудување и насоките за спроведување на овој процес во основните судови.

Набљудување (мониторинг) на судски случаи. Здружението ЕСЕ воспостави соработка со основните судови со цел спроведување на процесот на набљудување на тековните судски предмети поврзани со насилство врз жените. Во месец март 2015 година започна процесот на набљудување во основните судови во следните градови: Скопје (Скопје 1, Скопје 2), Битола, Штип, Тетово, Велес, Прилеп, Струмица, Куманово, Струга и Гостивар. Во текот на годината беа набљудувани вкупно 314 судски рочишта, при што најголемиот дел од нив се кривични постапки поврзани со семејното насилство. ЕСЕ подготви кратка анализа на податоците од судското набљудување за периодот од март до октомври 2015 година (6 месеци), при што беа утврдени следните главни наоди: мал број иницирани судски постапки за изрекување на привремени мерки за заштита од семејно насилство; речиси воопшто не се иницираат граѓански постапки за надомест на штета од страна на жртвите; изрекување на пониски казни од законски предвидените од страна на судиите; немање на посебна евиденција за прекршочни предмети поврзани со насилство врз жените.

Организирање на обука за судии „Јакнење на примената на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените". Во рамките на **Проектот на УСАИД за правна заштита на жените** во периодот 21 – 23 септември 2015 година, ЕСЕ организираше обука за судии на тема „Јакнење на примената на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на ОН". На обуката присуствуваа 20 судии од 10 основни судови во кои се спроведува набљудување на тековните судски предмети поврзани со насилство врз жените, како и претставници на граѓанските организации што се вклучени во спроведувањето на оваа иницијатива. Обуката се организираше со цел унапредување на степенот на судска заштита на жените жртви на насилство и дискриминација и таа беше спроведена од две претставнички на организацијата IWRAW Asia Pacific од Малезија, која има долгогодишно искуство на ова поле. Учесниците беа запознати со содржината на конвенцијата, вклучувајќи ги и другите релевантни документи, како што се Генералните препораки на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените при ОН и Заклучните согледувања во однос на спроведувањето на одредбите од конвенцијата во РМ. Фокусот беше ставен на меѓународните стандарди и

државните обврски во однос на насилството врз жените. Составен дел на обуката беше и анализата на националната законска рамка и нејзиното спроведување согласно со меѓународните стандарди за заштита на жените жртви на насилство и дискриминација. Во оваа насока, судиите од основните судови подготвија конкретни препораки за унапредување на граѓанските и кривичните судски постапки, како и пристапот до правдата за жените жртви на насилство.

Организирање на прес-конференција и форум за судии за резултатите од процесот на судско набљудување. На 10 декември 2015 година во рамките на Проектот на УСАИД за правна заштита на жените беа организирани прес-конференција и форум за судии „Ефективната судска заштита е основа за сигурност и благосостојба на жените жртви на насилство". Прес-конференцијата се организираше со цел презентирање на резултатите од шестмесечното набљудување на судските предмети поврзани со насилството врз жените. За оваа цел, Здружението ЕСЕ подготви и испечати „листа со факти", во која беа внесени главните наоди од набљудуваните граѓански и кривични предмети во основните судови. На присутните претставници на меидумите им се обратија следните презентери: Марија Гелевска, раководител на проектот на УСАИД за правна заштита на жените, Стојан Михов, судија од Основниот суд Штип, Андон Атанасов, судија од Основниот суд Радовиш. Од страна на презентерите беа нагласени пречките со кои се соочуваат жртвите во рамките на правосудниот систем, постапувањето на судиите и изрекувањето на казните за насилниците. На настанот присуствуваа и претставници на следните медиуми: Канал 5, ТВ 21, КОХА и А1он.мк. По завршувањето на прес-конференцијата, главните наоди од судското набљудување беа дискутирани од страна на судиите на форумот за судии што се организираше за таа намена. На форумот присуствуваа судиите од одбраните судови, претставници на ЕСЕ, проектните партнери и од коалицијата „Сите за правично судење". Судиите ги дискутираа конкретните можности за подобрување на граѓанските и кривичните постапки за заштита на жените жртви на насилство, како што се: ослободување од плаќање судски такси, формирање на посебен фонд за жртвите, примена на законски предвидената казнена политика кон насилниците. За време на форумот предмет на дискусија беа и техничките прашања околу собирањето на податоци од страна на набљудувачите и предизвиците со кои тие се соочуваат во судовите. Присутните на форумот ја нагласија потребата за вклучување на претставници на другите институции на следниот форум, како што се Министерството за правда, ОЈО, Центрите за социјална работа и др.

**Б) Подобрување на националната правна рамка за заштита на жените жртви на насилство.**

Анализа на националните стратегии и закони. Анализата на релевантните национални стратегии, политики и закони за заштита на жените жртви на насилство беше подготвена од страна на Здружението ЕСЕ и проектните партнери, Отворена порта (Ла страда) и коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници". Значајно е да се напомене дека оваа анализа беше искористена за подготовка и поднесување на Извештај за дополнителни прашања до Комитетот за елиминирање на дискриминацијата врз жените при Обединети нации. Владата на Р Македонија до овој Комитет во 2013 година го поднесе својот последен извештај за напредокот во однос на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените. Иако следниот периодичен извештај треба да се поднесе во 2017 година, Комитетот при ОН побара од нашата држава во 2015 година да поднесе посебен Извештај за дополнителни прашања во однос на правната рамка за заштита на жените жртви на насилство. ЕСЕ и проектните партнери ја искористија оваа можност и поднесоа извештај врз основа на анализата на националната правна рамка за заштита на жртвите. Предмет на анализа беа следните документи: Националната стратегија и Акциониот план за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција 2013 – 2016; Националната стратегија за заштита од семејно насилство 2012 – 2015; Националната стратегија за превенција на ХИВ; Програмата за помош и поддршка за реинтеграција на жртвите на трговија; стандардните оперативни процедури за третман на жртвите на трговија; Законот за забрана на дискриминација; Законот за спречување, заштита и превенција од семејно насилство; Законот за еднакви можности на жените и на мажите; Законот за странци; Законот за заштита на сведоци; Законот за малолетничка правда; Законот за социјална заштита; Законот за бесплатна правна помош.

Подготовка на методологијата и прашалниците за фокус-групите и експертските интервјуа. Здружението ЕСЕ и проектните партнери организираа три работни средби за подготовка на методологијата, вклучително и на инструментите за спроведување на проценката на имплементацијата на законските можности за заштита на жените жртви на насилство. Дополнително беше консултиран и судија од основен суд за ревидирање на подготвените прашалници. Како резултат на преземените активности беа подготвени прашалници за спроведување на експертски интервјуа со претставници на релевантните министерства и институции, како и насоки (прашања) за спроведување на фокус-групи со жени жртви на насилство.

Спроведување на фокус-групи. Во текот на 2015 година беа спроведени пет фокус-групи со вкупно 36 жени жртви на насилство. Две фокус-групи беа организирани со жените жртви на семејно насилство, две фокус-групи со сексуални работнички и една фокус-групи со жртви на трговија. Фокус-групите се

организираа со цел да се идентификуваат проблемите со кои се соочуваат жртвите во системот за нивна заштита и предлози за нивно надминување, односно подобрување на нивото на заштита што се обезбедува од страна на релевантните институции.

Спроведување на експертски интервјуа. По направените консултации помеѓу проектните партнери и ЕСЕ, утврдена е потребата за зголемување на бројот на интервјуа, односно опфатот на лица од надлежните министерства и институции. Во оваа насока, експертските интервјуа беа спроведени на две нивоа: ниво на донесување на стратегии и закони при министерствата, како и нивото на нивно спроведување од страна на надлежните институции. Претставниците на следните министерства беа опфатени со експертските интервјуа: Министерство за правда (МП), Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Министерство за внатрешни работи (МВР) и Министерство за здравство (МЗ). Паралелно, со интервјуата беа опфатени и следните институции: центри за социјална работа, подрачни одделенија на МП, сектори за внатрешни работи, како и основни јавни обвинителства и основни судови. Поради зголемениот број на интервјуа и обем на работа, процесот на спроведување на интервјуата ќе продолжи и во наредната година, при што во првото тримесечје од 2016 година ќе биде финализирана и анализата со препораки за унапредување на правната рамка за заштита на жените жртви на насилство.

**В) Зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за примена на меѓународните и регионалните инструменти за заштита на човековите права на жените и подготовка на случаите за стратешко застапување.** Во рамките на оваа цел од проектот во текот на 2015 година беше обезбедена правна помош за 359 жени жртви на насилство и дискриминација и беше обезбедено психолошко советување за 121 жена.

**Г) Активности за јакнење на капацитетите на ЕСЕ и партнерските организации.**

**Подготовка на комуникациска стратегија.** За потребите на Проектот на УСАИД за правна заштита на жените беше подготвена Комуникациска стратегија, при што за оваа намена беше ангажиран надворешен консултант, Јелена Јаневска. Здружението ЕСЕ организираше еднодневна работилница со проектните партнери, како и дополнителни консултации за подготовка на стратегијата. Комуникациската стратегија опфаќа генерална цел и посебни комуникациски цели што се во согласност со специфичните проектни цели. Во рамките на стратегијата во детали се разработени посебните комуникациски цели, вклучително и следното: дефиниција на комуникациската цел, идентификувана целна група, формулирани пораки, како и комуникациски алатки што треба да се применат. Со стратегијата беше утврдена следната генерална комуникациска

цел: да се подигне свеста за родово засновано насилство, како и обврската за систематски пристап и посветеност на институциите во решавањето на проблемот и обезбедувањето на заштита на човековите права на жртвите. Во согласност со генералната цел беа дефинирани и следните посебни комуникациски цели: актуализирање на прашањето за обезбедената судска заштита за жените жртви на насилство и дискриминација, како и на потребните мерки за подобрување на ситуацијата; нагласување на потребата за подобрување и имплементирање на националната законска рамка за заштита во согласност со меѓународните стандарди на ова поле; информирање на жените жртви на насилство за услугите што се обезбедуваат преку Проектот на УСАИД за правна заштита на жените и информирање за придонесот што го нуди Проектот на УСАИД за подобрување на нивото на правна заштита на жените жртви на насилство.

**Подготовка на Стратегија за организационен развој и одржливост на директните услуги.** Во текот на 2015 година во рамките на Проектот на УСАИД за правна заштита на жените беше подготвена Стратегија за организационен развој и одржливост на директните услуги што ги обезбедуваат Здружението ЕСЕ, Отворена порта (Ла страда) и коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници". За таа цел, Здружение ЕСЕ ангажираше надворешен консултант, Зоран Стојковски од ПРОЕФЕКТ ИНОВО ДООЕЛ Скопје. Неколку параметри од организационото работење беа предмет на проценка при развивањето на стратегијата: преглед и оценка на организацијата; капацитети, опрема и технологија; стратешка анализа и планирање; менаџмент, лидерство и донесување одлуки; управување со човечките ресурси; подготовка и управување со проекти; финансиско планирање и управување; оперативни системи и менаџмент; собирање средства, генерирање приходи и финансиска одржливост; членство на организацијата; односи со јавноста, медиумите и маркетинг; давање услуги. Беа утврдени препораки за подобрување на секој од овие параметри и нивна приоретизација. Фокуст беше ставен на обезбедувањето на директните услуги и можностите за нивна одржливост. Предмет на проценка беше ефективноста, ефикасноста, критериумите, како и координацијата со другите обезбедувачи на услуги, при што беа утврдени краткорочни и долгорочни цели.

**Остварени резултати:**

- подготвени се прашалниците за набљудување на тековни судски предмети поврзани со насилство врз жените (вкупно 5);
- набљудувани се вкупно 314 судски граѓански и кривични рочишта;
- зајакнати се капацитетите на 20 судии за практичните можности за примена на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените;
- организирана е прес-конференција и форум за судии за презентирање на наодите од судското набљудување;

- спроведена е анализа на законската рамка за заштита на жртвите на насилство;
- обезбедена е бесплатна правна помош и совети на околу 480 жени жртви на насилство и дискриминација;
- подготвена е Комуникациска стратегија;
- подготвена е Стратегија за организационен развој и одржливост на директните услуги.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРАВНИ, ПСИХОЛОШКИ И ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ И ПОМОШ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ ЖЕНИ

**Општа цел**: Обезбедување информации, помош и поддршка за ранливите категории на жени.

**Конкретни цели:**

- обезбедување бесплатна правна помош и судско застапување во предметите за семејно насилство и обезбедување психосоцијална помош, поддршка и третман за жените жртви на семејно насилство;
- обезбедување информации и советување за жените во врска со гинеколошки здравствени проблеми, општи здравствени проблеми, здравствени проблеми поврзани со менопауза и остеопороза, анализа на крвта и обезбедување витамини, лекови и контрацепција.

**Центар за правна помош при ЕСЕ.** И во текот на 2015 година продолживме со обезбедување на правна помош, подготовка на правни поднесоци (жалби, тужби, претставки, поднесоци, ургенции и др.), упатување на клиентите до соодветни надлежни институции за остварување на нивните права, како и обезбедување на бесплатно судско застапување на одреден број жени жртви на семејно насилство. Оваа година во Центарот за правна помош се обратиле 228 клиенти (147 за прв пат и 81 редовни клиенти), кои реализирале вкупно 292 индивидуални средби со членовите на стручниот тим (адвокат, правник и психолог). Најголем број од клиентите биле заинтересирани за иницирање на постапка за развод на брак, по што следат клиентите што биле заинтерсирани за постапка за издршка и иницирање на постапка за определување на старателство. Најмал интерес имало за регулирање на имотни односи. Од вкупниот број на странки што се обратиле во Центарот за правна помош, најголем број изјавиле дека се жртви на психичко и физичко насилство, додека мал е бројот на оние што изјавиле дека се жртви на сексуално насилство. Во 2015 година, бесплатно е застапуван еден случај на семејно насилство.

**Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство**. Во 2015 година во психолошкото советувалиште се обратиле 37 клиенти (36 жени и еден маж) и

одржани се вкупно 104 индивидуални средби. Најголем број од клиентите побарале помош во врска со семејното насилство. Кај најголем број од клиентите регистрирано е психичко насилство, а кај помал број физичко, економско и сексуално насилство. Психологот реализирал 39 советувања; 34 тераписки интервенции; една тераписка седница; една психоедукација и четири бихевиорално-когнитивни терапии.

**Здравствен информативен центар за жени.** Во 2004 година беше отворен Здравствениот информативен центар за жени како дел од здружението ЕСЕ со цел да се обезбедат бесплатни, квалитетни и веродостојни информации и советување за жените во врска со гинеколошките здравствени проблеми, менопаузата и остеопорозата. Со текот на годините беше проширен опсегот на работата на Центарот и притоа нуди бесплатно тестирање за глукоза, холестерол и триглицериди во крвта и мерење на крвниот притисок. Мотото на центарот е „Зајакнувањето започнува со информирањето“. Врз основа на нашата визија дека сите жени треба да имаат право на слободен избор во врска со своето здравје, репродукција и сексуалност – свет во кој жените ќе го остварат својот потенцијал и ќе практикуваат здрави животни навики, активностите на Центарот ги опфаќаат потребите на жените низ целиот животен циклус (од адолесценција до менопауза). Активностите се спроведуваат преку континуирана работа на Здравствениот информативен центар за жени (информации и советување на жените за прашања од областа на сексуалното и репродуктивното здравје, општи здравствени проблеми, проблеми поврзани со менопаузата и остеопорозата и анализа на крвта со брзи тестови за анализа) и организација на јавни настани за подигнување на јавната свест за конкретни потреби поврзани со здравјето на жените.

**Остварени резултати:**

- обезбедена е бесплатна правна помош и совети на 228 клиенти; обезбедено е бесплатно судско застапување за една жртва на семејно насилство и психосоцијална поддршка за 37 лица;
- обезбедени се здравствени информации и обезбедени се директни услуги (брза анализа на крв за гликемија и ниво на холестерол и триглицериди; мерење на крвниот притисок) за 32 жени.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ
# ЗА ПЕРИОДОТ
# ЈАНУАРИ 2015 – ДЕКЕМВРИ 2015

**Биланс на состојба за 2015 година**

| **ВКУПНО АКТИВА** | **8,982,935** |
|---|---|
| | |
| **Постојани средства** | **5,340,879** |
| Нематеријални вложувања | 0 |
| Материјални вложувања | 5,340,879 |
| | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и активни пресметковни конта** | **3,642,056** |
| Вкупно тековни средства | 3,642,056 |
| Активни временски разграничувања | 0 |
| | |
| **Материјали, резервни делови, ситен инвентар, производство, производи и стоки** | 0 |
| **Непокриени расходи** | 0 |
| **Средства на резерви** | 0 |
| **Средства за други намени** | 0 |

| **ВКУПНО ПАСИВА** | **8,982,935** |
|---|---|
| | |
| Извори на средства | 5,340,879 |
| Ревалоризациона резерва | 0 |
| Долгорочни обврски | 0 |
| Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 3,642,056 |
| Резервен фонд | 0 |
| Нераспределен дел од вишокот на приходите - добивката | 0 |
| Извори на средства за други намени | 0 |

**Преглед на приходи и расходи за 2015 година**

| | |
|---|---|
| Приходи | 18,587,842 |
| Расходи | (17,321,760) |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од расходите | 2,395,617 |
| Вишок на приходи | 3,661,699 |

| **Приходи по основи и донатори** | **износ во МКД** |
|---|---|
| **1. Пренесен вишок од претходна година** | **2,395,617** |
| **2. Приходи од камати и позитивни курсни разлики** | **19,643** |
| **3. Приходи од членарина, подароци и донации** | **18,568,199** |
| - ФООМ за проект: Мониторинг на буџети | 9,393,431 |
| - УСАИД за проект: Правна заштита на жените | 7,239,628 |
| - ЦНВ за проект: Вознемирување на работно место | 979,541 |
| - Приходи од други извори | 168,419 |
| - Останати приходи | 787,180 |
| **Вкупно** | **20,983,459** |

| **Расходи по донатори** | **износ во МКД** |
|---|---|
| - ФООМ за проект: Мониторинг на буџети, Грант бр. 9950, 9951, 9952, 9953 | 9,679,381 |
| - УСАИД за проект: Правна заштита на жените | 6,517,405 |
| - ФООМ за проект: Човекови права во здравствена заштита Договор бр. 03-1039 | 377,933 |
| - ЦНВ за проект: Вознемирување на работно место | 178,898 |
| - Останати расходи | 568,143 |
| **Вкупно** | **17,321,760** |